СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА
ПРОБИШТИП

Број 7/2026 06.07.2026 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), и член 38 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на Општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

### За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуват актите од 12-та редовна седница на Советот на Општина Пробиштип одржана на ден 30.06.2026 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Заклучок за давање согласност на ЈКП Никола Карев Пробиштип за склучување на анекс договор за цена на вода за село Лесново и село Кундино бр.26-787/3;
2. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2027 година бр.26-787/4;
3. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2027 година бр.26-787/5;
4. Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр.26-787/6;
5. Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр.26-787/7;
6. Програма за изменување и дополнување на Програмататa за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-787/8;
7. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-787/9;
8. Развојна програма за уредување на градски стадион Рудар со рекреативна зона за период 2026-2027 година бр.26-787/10;

9. Развојна програма за изградба на улица Брегалничка за период 2026-2027 година бр.26-787/11;
10. Развојна програма за реконструкција на дел од улица 3 ти Април за период 2026-2027 година бр.26-787/12;
11. Развојна програма за доградба на улици во населба Калниште, изградба на улица 3 во населба Калниште за период 2026-2027 година бр.26-787/13;
12. Развојна програма за реконструкција на локален пат с Кундино за период 2026-2027 година бр.26-787/14;
13. Развојна програма за прередување и замена на дотраена базалтна коцка на улица Ленинов плоштад за период 2026-2027 година бр.26-787/15;
14. Одлука за давање на трајно користење прочистувач на воздух на ООУ „Браќа Миладиновци" Пробиштип бр.26-787/16;
15. Одлука за давање на трајно користење прочистувач на воздух на СОУ „Наум Наумовски Борче" Пробиштип бр.26-787/17;
16. Одлука за давање на трајно користење товарно возило за специјална намена на ЈКП „Никола Карев" Пробиштип бр.26-787/18.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 08-787/20
01.07.2026 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Тони Тоневски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

**за давање согласност за склучување на анекс договор за цена на вода за село Лесново и село Кундино**

1. Се дава согласност на ЈКП Никола Карев Пробиштип да склучи анекс кон основниот договор со Друштвото за комунални услуги Силком дооел Кратово за регулирање на цената за испорака на нефилтрирана сирова вода за село Лесново и село Кундино согласно Решението УП1 бр. 08-673/24 од 30.12.2024 година од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, со цена од 29,64 денари со ДДВ по м3 испорачана вода.
2. Се дава согласност на Градоначалникот на Општина Пробиштип да склучи анекс кон основниот договор со Друштвото за комунални услуги Силком дооел Кратово во својство на гарант, за регулирање на цената за испорака на нефилтрирана сирова вода за село Лесново и село Кундино согласно Решението УП1 бр. 08-673/24 од 30.12.2024 година од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, со цена од 29,64 денари со ДДВ по м3 испорачана вода.
3. Заклучокот стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-787/3 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.06.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2027 година**

**Член 1**

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2027 година бр. 04-338/1 од 02.06.2026 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2027 година бр. бр. 04-338/1 од 02.06.2026 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-787/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.06.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2027 година**

**Член 1**

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ„Никола Карев“ Пробиштип за 2027 година бр. 04-285/1 од 02.06.2026 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ„Никола Карев“ Пробиштип за 2027 година бр. 04-285/1 од 02.06.2026 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-787/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.06.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 53 став 6 од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип бр. 03-392/1 од 12.06.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки**
**со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2026/2027 година и тоа во:

ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип:

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| 1а | 16 |
| 1б | 15 |
| 2а | 13 |
| 2б | 12 |
| 3а | 14 |
| 3б | 14 |
| 4а | 16 |
| 4б | 16 |
| 5а | 18 |
| 5б | 16 |
| 6а | 17 |
| 6б | 17 |
| 6в | 17 |
| 7а | 15 |
| 7б | 15 |

| | |
|---|---|
| 7в | 15 |
| 8а | 15 |
| 8б | 19 |
| 8в | 19 |
| 9а | 17 |
| 9б | 17 |
| 9в | 15 |

ПУ Злетово

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| $1^{1}$ | 6 |
| $2^{1}$ | 16 |
| $3^{1}$ | 12 |
| $4^{1}$ | 4 |
| $5^{1}$ | 17 |
| $6^{1}$ | 19 |
| $7^{1}$ | 17 |
| $8^{1}$ | 18 |
| $9^{1}$ | 13 |

ПУ нас.Пробиштип

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| Прво | 8 |
| Второ | 11 |
| Трето | 15 |
| Четврто | 6 |
| Петто | 17 |

ПУ с.Ратавица

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 6 ученици,
- 1 (една) комбинирана паралелка од четврто и петто одделение со 5 ученици.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-787/6
30.06.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 53 став 6 од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ„Никола Карев“ од Пробиштип бр. 03-341/1 од 12.06.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 20 ученици во учебната 2026/2027 година и тоа во:

ООУ Никола Карев -Пробиштип:

| Паралелка | I А | II А | II Б | III А | III Б | IV Б | V А | V Б | VI А | VI Б | VII А | VII Б | VIII А | VIII Б | IX А | IX Б | IX В |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | 21 | 14 | 15 | 14 | 13 | 20 | 14 | 10 | 20 | 20 | 17 | 19 | 18 | 16 | 14 | 17 | 16 |

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-787/7
30.06.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година ја донесе следната:

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година бр 26-1101/12 од 09.12.2025 година и тоа :

**Подпрограма Јг Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување**

- Во точката 4 Санација на резервоар за вода за пиење во Пробиштип во графата буџет сумата од 0 денари се заменува со сума од 1.000.000 денари
- Точката 7 Реконструкција на фонтани во градски парк се брише

Вкупно во подпрограмата Јг сумата од 4.340.000 во графата буџет се заменува со сума од 2.340.000 денари.

**Подпрограма Јл Изградба на други објекти**

- Во Точката 3 ,Уредување на простор покрај градски стадион со урбани содржини сумата од 3.000.000 денари во графата буџет се заменува со сума од 0 а обврската се пренесува за 2027 година.
- По точката 7 се додава нова точка 8, Плаќање на обврски према изведувач на работите за објект Регулација на речно корито во населба Пробиштип со сума од 1.900.000 денари во графата буџет.

Вкупно во подпрограмата Јл сумата од 6.405.650 денари во графата буџет се заменува со сума од 5.305.650 денари

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година стапува во сила со донесувањето , а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-787/8
30.06.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ЗА 2026 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/13 од 09.12.20245 и тоа :

**Подпрограма Јд – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици**

- Во точка 5 Изградба на улица Брегалничка во графата буџет сумата од 0 денари се заменува со сума од 1.000.000 денари

-Во точката 6 Реконструкција на дел од улица 3-ти Април во графата буџет сумата од 0 денари се заменува со сума од 800.000 денари.

- **Во** точката 7 Асфалтирање на пат во Старо Калниште до чешмата во мв Леговец со л=550 м во графата буџет сумата од 0 денари се заменува со сума од 950.000 денари .

- Во точкат 8 Реконструкција на пат до нм Кундино во графата буџет сумата од 0 денари се заменува со сума од 590.000 денари.

- Во точка 11 Прередување и замена на дотраена базалтна коцка на улицата Ленинов Плоштад во графата буџет сумата од 0 денари се заменува со сума од 630.000 денари и остатокот од 630.000 денари во 2027 година

- Точка 15 , Изградба на потпорни ѕидови на улица 3-ти Април се брише.

Вкупно во подпрограмата Јд планираната сума од 5.210.000 денари во графата буџет се заменува со сума од 7.680.000 денари.

Програмата за изменување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-787/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.06.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Пробиштип, бр 4/05,25/14/29/15,23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година донесе измена на

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА LAA**
**за „Уредување на градски стадион Рудар со рекреативна зона**
**за периодот 2026-2027 година**

**1. Цели:**

Со уредувањето на градскиот стадион и рекреативната зона се подобрува квалитетот на животот на жителите на општина Пробиштип како и други корисници кои секојдневно го користат градскиот стадион рекреативно, а со тоа ќе се овозможи и подигнување на свеста кај младите за активно учество во спортот.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата**

- 2026 година градежни работи..........10.130.299,00 денари
- 2027 година градежни работи..........11.441.777,00 денари

**Вкупно предвидени средства:......21.572.076,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, преку Министерството за спорт согласно

Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година бр.50-6213/10 од 01.07.2025 год. во висина од 15.591.406 денари, остатокот од 5.980.670 денари од сопствениот буџет на Општина Пробиштип.

Развојната програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип", а ќе се применува по склучување на договор за јавна набавка.

Број 26-787/10 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.06.2026 година | ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип | Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ" број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година донесе измена на

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЈDН**
**за „Изградба на улица Брегалничка" за**
**периодот 2026-2027 година**

**1. Цели:**

Со изградба на улица Брегалничка се овозможува подобрување на квалитетот на животот на жителите на општина Пробиштип како и други корисници кои секојдневно поминуваат по оваа улица.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година градежни работи............5.078.080,00 денари
- 2027 година градежни работи............2.343.541,00 денари

**Вкупно предвидени средства:.......7.421.621,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, преку Министерството за транспорт согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1.07.2025 година

Развојната програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип“, а ќе се применува по склучување на договор за јавна набавка.

Број 26-787/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.06.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година донесе измена на

## РАЗВОЈНА ПРОГРАМА JDG
## за „Реконструкција на дел од улица 3ти Април“
## за периодот 2026-2027 година

**1. Цели:**

Со реконструкција на дел од улица 3ти Април се овозможува подобрување на квалитетот на животот на жителите на општина Пробиштип како и други корисници кои секојдневно поминуваат по оваа улица.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

-Прва фаза - 2025 година спроведување на јавна набавка, избор на Изведувач и градежни активности платен аванс ...................................1.798.320,00 денари,

-Втора фаза - 2026 година градежни работи........6.321.331,00 денари

-Трета фаза - 2027 година градежни работи........1.671.949,00 денари

**Вкупно предвидени средства:............................9.791.600,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, преку Министерството за транспорт согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од обласата на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1.07.2025 година

Развојната програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип", а ќе се применува по склучување на договор за јавна набавка.

Број 26-787/12
30.06.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ" бр. („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02и Службен весник на РСМ БР 202/24)и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Пробиштип, бр 4/05,25/14,29/15,23/19,и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година донесе измена на

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА JDC**
**за „Доградба на улици во населба Калниште,**
**изградба на улица „3„ во населба Калниште за периодот 2026-2027 година**

**1. Цели:**

Со изградбата на улицата „3„ се овозможува функционално поврзување на населбата Калниште со градот Пробиштип и со тоа подобрување на квалитетот на животот на жителите на населбата како и други корисници кои секојдневно поминуваат по оваа улица.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година градежни работи...........4.098.676,00 денари
- 2027 година градежни работи.......... 1.556.317,00 денари

**Вкупно предвидени средства:.......5.654.993,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, преку Министерството за транспорт согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1.07.2025 година

Развојната програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип", а ќе се применува по склучување на договор за јавна набавка.

Број 26-787/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.06.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ" број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година донесе измена на

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА JDE**

**за „Реконструкција на локален пат с.Кундино" за периодот 2026-2027 година**

**1. Цели:**

Со реконструкција на локалниот пат с.Кундино се овозможува поголема функционална поврзаност на овоа населено место со градот Пробиштип,а со тоа и подобрување на квалитетот на живот на жителите на селото како и на другите корисници кои секојдневно поминуваат на овој пат.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година градежни работи............6.679.304,00 денари
- 2027 година градежни работи............4.059.536,00 денари

**Вкупно предвидени средства:.......10.738.840,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, преку Министерството за транспорт согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1.07.2025 година

Развојната програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип“, а ќе се применува по склучување на договор за јавна набавка.

Број 26-787/14
30.06.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02и Службен весник на РСМ БР 202/24)и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Пробиштип, бр 4/05,25/14,29/15,23/19,и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година донесе измена на

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА JDF**
**за „Прередување и замена на дотраена базалтна коцка**
**на улица Ленинов Плоштад за периодот 2026-2027 година**

**1. Цели:**

Со уредувањето на улицата Ленинов Плоштад се подобрува квалитетот на животот на жителите на општина Пробиштип како и други корисници кои секојдневно ја користат оваа улица ,а со тоа ќе се постигне подобар изглед на Општина Пробиштип...

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година градежни работи.......... 4.381.793,00 денари
- 2027 година градежни работи............3.131.195,00 денари

**Вкупно предвидени средства:.......7.512.988,00 денари**.

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, преку Министерството за транспорт согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1.07.2025 година

Развојната програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип“, а ќе се применува по склучување на договор за јавна набавка.

Број 26-787/15
30.06.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 а во врска со член 64 став 3 и член 65 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**за давање на трајно користење прочистувач на воздух на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука Општина Пробиштип дава движен имот- прочистувач на воздух на ООУ „Браќа Миладиновци" Пробиштип на трајно користење, без надоместок за поставување во спортската сала во училиштето.

Член 2

На ООУ „Браќа Миладиновци" се дава на трајно користење еден прочистувач на воздух Модел:OURAIR SQ 1750, Производител: MANN+HUMMEL, Инвентарен број:250232 кои Општина Пробиштип ги има добиено како донација од Владата на Република Северна Македонија.

Член 3

За регулирање на меѓусебните права и обврски Општина Пробиштип и ООУ „Браќа Миладиновци" ќе склучат договор во кој точно ќе се утврдат правата и обврските на договорните страни и вредноста на движниот имот кој се пренесува.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-787/16
30.06.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 а во врска со член 64 став 3 и член 65 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за давање на трајно користење прочистувач на воздух** на СОУ „Наум Наумовски Борче" Пробиштип

Член 1

Со оваа одлука Општина Пробиштип дава движен имот- прочистувач на воздух на СОУ „Наум Наумовски Борче“ Пробиштип на трајно користење, без надоместок, за поставување во спортската сала „Софија Петрова” Пробиштип.

Член 2

На СОУ „Наум Наумовски Борче“се дава на трајно користење еден прочистувач на воздух Модел:OURAIR SQ 1750, Производител: MANN+HUMMEL, Инвентарен број:250233 кои Општина Пробиштип ги има добиено како донација од Владта на Република Северна Македонија.

Член 3

За регулирање на меѓусебните права и обврски Општина Пробиштип и ООУ „Браќа Миладиновци“ ќе склучат договор во кој точно ќе се утврдат правата и обврските на договорните страни и вредноста на движниот имот кој се пренесува.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-787/17
30.06.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 а во врска со член 64 став 3 и член 65 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.06.2026 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**за давање на трајно користење товарно возило за специјална намена на ЈКП „Никола Карев “ Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука Општина Пробиштип дава движен имот - товарно возило за специјална намена, сопственост на Општина Пробиштип на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип на трајно користење, без надоместок.

Член 2

На ЈКП „Никола Карев“ се дава на трајно користење товарно возило за специјална намена со регистарски таблици ST 693 RB, марка FAP, тип 1314, со идентификациски број на возилото 1314S96325, година на производство 1984 .

Член 3

За регулирање на меѓусебните права и обврски Општина Пробиштип и ЈКП „Никола Карев“ ќе склучат договор во кој точно ќе се утврдат правата и обврските на договорните страни и вредноста на движниот имот кој се пренесува.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-787/18<br>30.06.2026 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Бојан Серафимовски с.р.